

# NOT

# YOUR

# TOY

Учесници:

Ана Јовановска

Давид Атанасоски

Ивана Самандова

Кристијан Тодоров

Марија Трајаноска

Ангела Савевска

Христина Мазнеска

Тамара Антевска

Јана Николовска

Трговијата со луѓе, како модерна форма на ропство на 21-иот век, несомнено претставува еден од најделикатните и најсериозните проблеми со кои се соочуваме во денешницата, еден исклучително тежок, повеќедимензионален општествен, криминален и социјален проблем, со кој се кршат основните човекови права и слободи на жртвите. Трговијата со луѓе, или како што уште популарно е позната- ,, модерно ропство“, е најсуровото и најекстремното искористување на човечкото тело и труд со цел економско богатење на поединци, кое вклучува екстремна злоупотреба на моќта/ власта, што не е секогаш веднаш видливо и воедно бара пошироко разбирање на луѓето и на односите кои се вклучени.

Свесни дека трговијата со луѓе претставува еден од најкомплексните и најсериозни проблеми, во кој честопати младите, како најранлива категорија граѓани на општествената заедница, и без да бидат свесни можат да паднат во бездната на модерното ропство, дали како сексуални работници, пролиферација на дрога и други проблематични цели, како што се крадење, питачење, па сѐ до најекстремните случаи-продажба на органи. Многу жртви на трговија со луѓе дури и не знаат, или не се свесни дека се жртви на кривично дело, и тоа најчесто деца, честопати кај нас во рамките на ромските заедници, каде се експлоатираат, наводно како дел од обичаите на нивната културна заедница.

Замавот кој го зема криминалитетот на трговијата со луѓе во рамките на нашава земја, особено во текот на изминатава година зема навистина широк распон во чии граници влегуваат жртви од различни возрасни и полови групи. Целата оваа ситуација, дополнително ја влошува и недоволната информираност на граѓаните од страна на надлежните институции, што доведува навистина до една алармантна ситуација, дури до тој степен што граѓаните секојдневно се соочуваат не само со страв за својот и за животите на своите најблиски, туку и со недоверба кон секој поединец, незнаејќи со какви скриени намери и во какви замки би можеле да пропаднат.

,, Not your toy!“ е истражувачко- уметнички проект, чија основна цел е подигање на свесноста кај сите генерации, со посебен акцент на помладите, не само за значењето, туку и за начините на трговија со луѓе, како и разните видови кои постојат, сé со цел да дојде до навремено спречување.

Преку оваа групна изложба, своите размислувања, ставови и гледишта на оваа тема, симболично претставени преку насловот ,, Not your toy!“, ќе ги претстави група од вкупно деветмина млади автори, секој разработувајќи ја оваа сериозна тематика на свој индивидуален, уникатен и само нему својствен начин, онака како што ја доживува. Со други зборови кажано, селектираните уметници во својот творечки вокабулар ќе користат елементи што одговараат на главниот дискурс на замислениот и однапред зададен концепт, притоа, секој од нив, разработувајќи ја темата на различни начини и од различни перспективи, експериментирајќи со различни медиуми, за кои не постои зададено ограничување, со цел што подобро да се долови експресијата и индивидуалната критика кон суровоста на самиот чин од кој на еден или друг начин сме опкружени секојдневно. Така, изложбениот простор ќе биде исполнет со слики, цртежи, колажи, фотографии, инсталации и реди- мејд објекти, дела кои целосно соодветствуваат со самата тема.

Се одлучивме да реализираме една групна изложба со ваква тематика, првенствено со цел не само да ја подигнеме свесноста помеѓу младите, туку и да помогнеме што повеќе во процесот на спречување на овој вид криминалитет, во чија замка, со желба за авантура и подобар опстанок, паѓаат сѐ поголем и поголем дел од младите, наивни индивидуи.

*Ангела Витановска,*
*куратор и автор на проектот*





# АНА ЈОВАНОВСКА

**магистер по графика**



Родена 1991 година во Куманово.

Дипломира на катедрата за Графика и Графички дизајн при Факултетот за ликовни уметности во Скопје, во 2014г. и магистрира на истиот, како графичар во 2016 година. По добивање на стипендија студира и при Факултетот École supérieure d'arts & médias de Caen/Cherbourg во Франција.

Ана има реализирано 10 самостојни и над 100 групни изложби во Македонија и во странство како: Србија, Црна Гора, Грција, Бугарија, Босна и Херцеговина, Словенија, Романија, Чешка, Полска, Русија, Италија, Франција, Германија, Шпанија, Португалија, Мексико, Аргентина, Колумбија, САД итн.

***А.В.:* *Се чини дека уште од почетокот на Вашето уметничко дејствување во Вас пламтела силна желба да се допре до публиката, да се пренесе одреден ментален став за сериозни општествени случувања, каде преку изборот на материјали и визуелни референци директно ги коментирате и ги правите видливи проблемите од нашето опкружување, каков што е случајот и со оваа серија фотографии, кои директно упатуваат на самиот наслов, акцентирајќи ја главната идеја: „ Не сум твоја играчка!“.. Би морала да упатам едно комплексно, но нужно прашање. Што мислите, кои се изворните причини поради кои настанува трговијата со луѓе?***

***А. Ј.:*** Изворната причина за појава на трговија со луѓе е секогаш човекот. Односно неговата нечовечност. Трговците со луѓе прават свесен избор за искористување на лицата од ранливите категории за профит. Условите за живот и состојбата на животната средина, нестабилност на истата, сиромаштијата, недостаток на можности и слично, пак, ги насочуваат луѓето кон трагање за подобри можности кои можат да се претворат во кобна одлука.

Фотографиите се фокусираат на жената и женското тело како субјект или во овој случај, подобро кажано, објект кој процентуално поведува во сите статистики на злоупотреба.

***А.В.:* *Се согласувам. А дали некогаш сте размислувале за лични мерки кои што треба / би можеле да ги превземаат поединците, како би помогнале во борбата против разните форми на трговија со луѓе?***

***А.Ј:*** Самоедукација и едукација. Запознавање со формите во кои се појавува трговијата со луѓе и препознавање на знаците и предзнаците за успешно реагирање, пријавување и превенција. Покрај стандардните чекори и канали, современата уметност како општествено ангажирана треба да ја направи видлива оваа проблематика и реалност, да критикува, поставува прашања, бара одговори и расветлува.





***Ана Јовановска / Ana Jovanovska***

*Фотографиите се дел од серијата „ Plastic photography“, 2016*
концептуална фотографија / conceptual photography / 30x30 см



3.



4.



5.

# ДАВИД АТАНАСОСКИ

## дипломиран вајар



Роден во Прилеп, 1995 година.

Во 2018 година дипломира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, отсек вајарство со конзервација и реставрација. Има учествувано на повеќе групни изложби, меѓу кои се издвојуваат: Годишна изложба на ДЛУП- Галерија при домот на културата (2016г.), Скопје, SIAB VIII (2017г.)- Галерија ФЛУ, Art Without borders Macedonian encounter- Галерија Борко Лазески, Прилеп, ,,Тема:НЕ", НУ Музеј на Македонија- Скопје (2018г.), интернационален скулпторски симпозиум ,, Мермер"- Прилеп, , Personal Identity Matter, Gallery MC -New York (2019г.), ,, Скулптури на новото време"- биенална изложба одржана во Куманово (2019г.).

Неговата последна самостојна изложба, насловена ,, Геолошки пресек", беше реализирана во рамките на манифестацијата ,, Нов културен бран" во ЦК ,, Марко Цепенков"- Прилеп.

**А.В.:** ***Вашето дело го посочува проблемот со трудовата експлоатација. Кажете ми нешто повеќе околу тоа?***

**Д.А.:** Секогаш тргнувам од опкружувањето, од човекот, од природата. Земајќи го во предвид фактот дека живееме во сиромашна земја, каде најголемиот процент на луѓето се приморани буквално целиот свој живот да го ,, продаваат" својот труд на големците за минимален приход, колку само да се помине, да се ,, врзе" ден за ден, се додека целосно не се истрошат, па веќе уште во четириесеттите, сето тоа се одразува на длабоките брчки и набори на нивната кожа, кои како остри белези потсетуваат на суровата реалност, на трудовата експлоатација која сиромашниот човек ја трпи. Токму ова сакав и да го претставам преку моиве дела.

**А.В.:** ***Кое е Вашето размислување во врска со примената на постојните закони и процедури за спречување на трудовата експлоатација во земјава?***

**Д.А.:** Функционираат слабо. Или воопшто. На хартија е едно, во практика нешто сосема друго. Во глобала, со повеќето наши закони е истава ситуација.

**А.В.:** ***Кои, според Вас се најчестите форми на трговија со луѓе, присутни во нашата земја?***

**Д.А.:** Дефинитивно трудовата и сексуалната експлоатација. Налетав на еден податок, дека според годишниот извештај на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, официјално, во проценти, ова се двете најизразени форми на трговија со луѓе кои кај нас се застапени. Постојат и други, да, и тоа е факт, меѓутоа за нив речиси и да немаме никакви податоци, што е навистина тажно, очигледно постојат структури над нас, на кои не би им одговарало баш да се дознаат одредени информации.



1.



2.

***Давид Атанасоски / David Atanasoski***

1. ***Skin I, 2018***
рециклиран обработен картон /
recycled cardboard / 52x52x4 см

2. ***Skin II, 2018***
рециклиран обработен картон /
recycled cardboard / 52x52x4 см

3. ***Skin III, 2018***
рециклиран обработен картон /
recycled cardboard / 21x21x4 см

4. ***Skin IV, 2018***
рециклиран обработен картон /
recycled cardboard / 33x33x4 см

5. ***Skin V, 2018***
рециклиран обработен картон /
recycled cardboard / 43x43x4 см



















# ИВАНА САМАНДОВА

## СТУДЕНТ

Родена во Скопје, 1997 година.

Студира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, отсек сликарство, модул реставрација и конзервација, под менторство на проф. Слободанка Стевческа. Нејзиното творештво опфаќа истражување и интерес за социјалните проблематики и прашања како општествените класи, положби, односи и прогрес, до институционалната критика.

Зела учество на голем број групни изложби во и надвор од земјава, колонии и работилници, а реализатор е и на групната изложба ,, Пост- вистина, желба“, одржано на Факултетот за ликовни уметности, Скопје, во соработка со Ангела Савевска.

***А.В.:*** ***Во Вашата серија колажи, насловена како ,, Silent Absence“, или ,, Тивко отсуство“, адресирате еден исклучително значаен проблем кој иако е постојано присутен, сепак стана особено алармантен во текот на изминативе неколку години, со акцент на оваа, 2019, кога само на почетокот на годината, за исчезнати беа пријавени 24 лица, од кои 20 беа пронајдени. Дали имате податоци колкав е приближниот број на исчезнати лица моментално?***

***И.С:*** Приближна бројка за исчезнатите лица е недефиниран одговор од моја страна, поради самиот факт дека и нема официјална информација за бројот на исчезнати лица... Според сопствените истражувања, открив дека бројот на исчезнати лица е 132 за кои се уште се трага, додека на веб страницата на Министерството за внатрешни работи се заведени само 64 лица, и каде увидов дека има лице кое е исчезнато дури од 1992 година.

***А.В.:*** ***До ист заклучок дојдов и јас. Навистина е тешко да се одреди точниот број на исчезнати, ако немаме релевантен извор на информации, што го отежнува целиот процес. Кажете ми нешто повеќе околу своето дело?***

***И.С:*** Најглавен и ударен елемент се веројатно фотографиите врз кои има рачни интервенции, како и суптилниот момент на кобна реченица која се јавува на секое дело. Тие комуницираат и се надополнуваат меѓусебно, водат една или повеќе ситуации, приказни, кои се реални и доловуваат еден оттуѓен и игнориран социјален момент за кој застапува белата и недефинирана фигура во мнозинството луѓе на фотографиите. Мнозинството како сонливо, брзо и пасивно, често пати не ја забележува таа бела фигура: кој е тој што недостасува, каде е, дали е добар, дали е на безбедно? Поради очајниот недостиг на функционална заедница во едно општество, а индивидуална распределба во пораст, оставаат тивки и кобни последици за кои речиси ретко се помислува. Моментот со исчезнувањето, значајно за малкумина, занемарено од многумина.

***А.В.:*** ***Дали сметате дека од страна на надлежните органи се превземаат доволно мерки за разбивање на трговијата со луѓе? Што мислите, дали владата има методи за заштита на жртвите од трговија со луѓе и како можат да се подобрат методите за заштита и спроведување на жртвите?***

***И.С:*** Според мене живееме во држава која е предводена од силен нагон на емоција и пасивност, наспроти професионализам и објективизам. Кажувајќи го ова, тоа е застапено во речиси сите институции, неизбежно и помеѓу самото наше општество. Со самото тоа што е застапен таков начин на живеење, кажува дека не се превземаат доволно мерки за разбивање на трговијата со луѓе. Истото како и со методите за заштитата на жртвите од трговија со луѓе, за кои сум запознаена само со тоа што ги практикуваат во едукативниот систем како едно кратко предавање кое се јавува со основните и средни училишта, и која верувам дека не е доволно моќна иницијатива за пораст на свеста за сериозноста на тематиката. Да се подобрат методите, значи да се најдат начини за инфилтрирање на оваа проблематика во јавноста појасно и достапно. Почнувајќи од едукативниот систем, па се до јавните простори и виртуелни медии, мнозинството треба да биде ‘потсетувано’, наместо да го занемаруваат овој проблем токму поради тоа што немаат никакво искуство поврзано со трговијата на луѓе.

***Ивана Самандова/ Ivana Samandova***

1. *Тивко отсуство, 2019*
Бр. 4, колаж, комбинирана техника, 2019, 210x247мм

2. *Тивко отсуство, 2019*
Бр. 1, колаж, комбинирана техника, 2019, 210x247мм

3. *Тивко отсуство, 2019*
Бр. 2, колаж, комбинирана техника, 2019, 210x247мм

4. *Тивко отсуство, 2019*
Бр. 3, колаж, комбинирана техника, 2019, 210x247мм

5. *Тивко отсуство, 2019*
Бр. 5, колаж, комбинирана техника, 2019, 210x247мм

6. *Тивко отсуство, 2019*
Бр. 6, колаж, комбинирана техника, 2019, 210x247мм



# МАРИЈА ТРАЈАНОСКА

## дипломиран сликар

Родена 1996 година, во Кичево.

Дипломира во 2019 г. на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во класата на проф. Антони Мазневски, отсек сликарство со конзервација и реставрација.

Учествувала на повеќе групни изложби и ликовни колонии, а во текот на студирањето е добитник на наградата за сликарство “Борко Лазески“ од Факултетот за ликовни уметности, а моментално е вклучена и во неколку проекти.

***А.В.: Типично во Ваш стил, преку целосна фигурација, оставате визуелното да говори само по себе. Што беше главната инспирација за изработка на ова дело и дали ќе може да дознаеме нешто повеќе околу процесот на изработка?***

**М.Т.:** Главна инспирација ми е трагедијата на тоа што еден човек е способен да му направи на друг придвижен од алчност и какви траги тоа може да остави. Во однос на процесот на изработка, целата идеја е пренесена преку една драматична композиција од неколку фигури првично нанесени со акрил и масло на платно а потоа врз бојата со молив преку линии се потенцирани фигурите и просторот околу нив.

***А.В.: Што точно подразбирате под „ трговија со луѓе „?***

**М.Т.:** Искористување на човекот и неговото тело како средство за остварување на нечии интереси и профит.

***А.В.: Кога веќе почнавме со едно вака конкретно прашање, да преминеме на уште едно, во контекст на претходното. Сте се запрашале ли некогаш, зошто сè уште постои трговијата со луѓе, и зошто наместо да се намалува, факт е дека од година во година зема сè поголем замав?***

**М.Т.:** Па да, претпоставувам затоа што алчноста постои и ќе постои уште долго. Трговијата со луѓе како организиран криминал е сè уште тука бидејќи некој со голема моќ го подржува неговото постоење.

***А.В.: Дали можете да наброите неколку главни движења за човекови права кои зборуваат и работат против трговците со луѓе и напредокот што овие организации го постигнале во минатото?***

**М.Т.:** Не познавам организации што направиле голема разлика од тоа што било и тоа што е денес.



***Марија Трајаноска / Marija Trajanoska***

*Без наслов / Untitled, 2019*
масло и акрил на платно / oil and acrylic on canvas / 100x75 см



# КРИСТИЈАН ТОДОРОВ

## ДИПЛОМИРАН ЛИКОВЕН ПЕДАГОГ

Роден во Велес, 1996 година.

Живее и работи во родниот град. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, отсек ликовна педагогија со модул сликарство во класата на проф. Јован Шумковски.

Учесник е на повеќе групни изложби во државата и една групна изложба во Љубљана.

***А.В.:** **Несомнена е поврзаноста помеѓу Вашето дело: „ Дали Џорџ Орвел беше во право (2020)“, со делото на Орвел „ 1984“, на што директно алудира и самиот наслов. Што Ви предизвика потреба да излезете „ надвор“ од книгата? Дали тоа беше потреба да се излезе од текстот во простор, за да се засили поракката, или сакавте да претставите нешто сосема друго? Од каде инспирацијата и како го поврзувате со денешните случувања поврзани со проблематика која ја разработува оваа изложба?***

***К.Т.:*** Случајно ме инспирираше Орвел, за прв пат го читам и мислам не можев да одберам подобра книга како за почеток. Моето дело малку е ограничено, тешко ќе ја разбере некој поентата ако ја нема прочитано книгата. Делото „1984“ на Џорџ Орвел, во кое се работи за фиктивен и измислен свет каде цела нација е константно надгледувана и преслушкувана од таканаречениот Голем Брат, како симболика и метафора за власта, политиката и идеологијата од која страда и е под режим земјата за која се пишува во книгата. Се работи за дистопија во која човекот е константно под монитор и има многу ограничена слобода. Од друга страна пак, луѓето запознаени со овој концепт мислам лесно ќе ми ја разберат поентата. Забележувам книгата како да доживува камбек во последно време, што и не е чудно. Она што ни остана од приватноста самоволно си ја објавуваме. А кога се работи за правото на различно размислување, според мене е под напад од различни групи со различни идеологии. Се создава узбуна кога неможат да те сместат во ниту една фиока.

***А.В.:** **Кога веќе ја спомнавте власта, што мислите, постојат ли луѓе од повисоките кругови, кои ја подржуваат трговијата со луѓе? Кој го има најголемиот бенефит од милионите жртви?***

***К.Т.:*** Претпоставувам, луѓето од повисоките кругови се вмешани. Но не го можат тоа сами, според мене мораат да платат пониски класи за таа грозна машина да работи беспрекорно. Така да, мислам вината паѓа врз повеќе класи и групи. Злото ќе постои и понатаму, и ќе биде автор на овакви и слични злосторства. Ни останува само, ако има можност да превенираме да не дојде до вакви случувања и да се надеваме дека доброто ќе победува почесто.

***А.В.:** **Дали владата ги испитува случаите на трговија со луѓе извршени од владини службеници? Ако да, дали знаете некои случаи, кога владини службеници биле предмет на истрага или кривична постапка во врска со трговија со луѓе? Дали тие службени лица биле предмет на кривични или професионални пријави?***

***К.Т.:*** Лесно е да се посомневаме дека има корумпирани луѓе и исти кои си ја злоупотребуваат функцијата, но бирам да бидам позитивен. Верувам дека има чесни кои помагаат и си ја вршат работата професионално. Одбивам да залепам вина на било кого без сигурност, ќе покаже времето бидејќи ништо не трае вечно. Ниту доброто, ниту злото.



***Кристијан Тодоров / Kristijan Todorov***

*Дали Џорџ Орвел беше во право? (2020) / Was George Orwell right? (2020) , 2019*

колаж, комбинирана техника со интервенции / collage, combined technique with interventions / 2x2x2 mm









# АНГЕЛА САВЕВСКА

студент

Родена 1998 година, во Тетово.

Моментално студира на ФЛУ во Скопје, отсек сликарство.

До сега реализирала една самостојна изложба во Домот на култура во Тетово и повеќе групни, меѓу кои се издвојуваат: ,, Св. Климент Охридски низ современа уметничка призма“, (НУБ, Скопје), ,, Под земја полесно се дише (5)“ –Скопје, а била дел и од изложбата ,, Art 52nd Street“, во MC Gallery, Њујорк, САД.

Има освоено награда за најдобра колекција на VIII Младински Пролетен Салон – Мала Станица, Скопје, а прво место освоила на конкурсот за ликовни творби во рамките на проектот Промовирање на меѓукултурниот дијалог меѓу младите во Македонија, Тетово.

***А.В.:   Во вашите дела третирате неколку различни поткатегории на трговија со луѓе, како експлоатацијата на трудот и буквалната продажба на населението од Северна Африка. Дали можете да ми кажете нешто повеќе околу тоа? Од каде идејата?***

***А.С.:*** Идејата се појави уште во моментот кога дојдов до одредени сознанија за експлоатација на трудот првично во нашата земја преку весникот Текстилец. Иако повеќе не постои ниедна држава која правно го признава ропството, сепак укинувањето на ропството не значи дека го нема.

Така, интересот за Северна Африка се појави после прегледот на видеа, особено за Либија која е главната транзитна точка за бегалците и мигрантите кои се обидуваат да стигнат до Европа преку Средоземното море, очајно барајќи излез и спас од ропството кое таму функционира како профитабилна индустрија. Робовите стануваат артикли што треба да се купат, продадат и отфрлат кога немаат повеќе вредност.Тоа е тотална машина на изнудување.

***А.В.:   Во контекст на ова, дали некогаш сте размислувале зошто го користиме терминот ,, трговија со луѓе“, а не ,, ропство“? Дали правите разлика помеѓу присилна работа, робување, питачење и слугување?***

***А.С.:*** ,,Трговија со луѓе“ е начин на кој луѓето се заведени, измамени, принудени или на поинаков начин преселени од нивниот дом или држава, кои потоа се присилени да работат под екстремно експлоатирачки услови или пак, во краен случај завршуваат како бело робје. Овој тип на трговија има многу карактеристики на робување, речиси да станува збор за истото нешто само ставен во посовремена форма и контекст. Робот е правно изедначен со предмет. Слуга е на господарот. Должничко ропство е една форма на неслободна работа, при што човекот самиот се става како залог поради отплата на заем или кредит, што може да доведе и до појава друга форма, како што е питачење, односно барање милостина. Сепак, и тука станува збор за маргинализирани луѓе кои се изнудени на ваков чин.

***А.В.:   Според Вас, која категорија на луѓе се најранливи и најчесто стануваат жртви на трговијата со луѓе и кој е најчестиот вид на трговија со луѓе во Р. С. Македонија?***

***А.С.:*** Најзастапена е внатрешната трговија со луѓе. Според податоците, најчести жртви на трговија со луѓе се жени, но не е мал процентот каде што се засегнати и мажи и деца. Се работи најмногу за малолетни лица кои биле регрутирани првенствено преку лажни ветувања за доброплатена работа во земјата или пак биле тргувани со ветувања за лажни бракови. Тоа се најкарактеристичните случаи и секако се работи за лица кои биле сексуално и трудово искористувани низ Р.С. Македонија.

***А.В.:   Како можеме да го поддржиме глобалното движење за да се стави крај на трговијата со луѓе? Дали знаете некои невладини организации, меѓународни групи и здруженија кои се занимаваат со подигање на свеста и спречување на трговијата со луѓе?***

***А.С.:*** Во глобални рамки, морам да напоменам дека за жал, трговијата со луѓе не се намалува, таа е во пораст. Потребно е да се работи на превенција, што се постигнува преку превентивни мерки, кои имаат за цел адресирање на сиромаштијата, на маргинализираноста, како и неинформираноста на луѓето.За ефикасно да се совлада трговијата со луѓе преку меѓународните граници потребно е помагање и соработка помеѓу државите. ОБСЕ, кој е еден од водечките органи за борба со овој проблем на трговија со луѓе, со област на делување која ги опфаќа Северна Америка, Европа, Русија и Централна Азија.




*Ангела Савевска / Angela Savevska*

*1. Север кон север (Африка) / North to North ( Africa), 2019*
колаж / collage / 15x20см

*2. Транзистен разговор / Transit conversation, 2018*
колаж / collage / 20x20см

*3.  Црвени права / Red Rights, 2018*
колаж / collage / 10x15см

*4.Изјасни се / Prove Yourself, 2018*
колаж / collage / 30x20см

*5. Профит,* 2019
колаж / collage / 16×12





# ХРИСТИНА МАЗНЕСКА

## дипломиран сликар



Родена во Прилеп, 1995 година.

Во 2018 година дипломира на  Факултетот за ликовни уметности, во Скопје, отсек сликарство со модул графички дизајн. За време на своите студии остварува два студиски престои, еден на Академијата за ликовни уметности во Загреб, каде учествува на 6тиот фестивал за Скуптура во песок во Лопар, Раб, а вториот на Унгарскиот универзитет за ликовни уметности во Будимпешта, каде е дел од повеќе групни изложби како - „Almost Ready“ во галерија Лабор, „An Overwhelming Banality: Figuring Urban Existence“ во галерија 11 Blokk, „Body Politics“на докторската школа при универзитетот и „(In)Visible“ во отсекот Интермедија.

Исто така зела учество на изложбата „Видео уметност и уметност базирана на време“ во галерија ФЛУ и на колаборативниот перформанс „Настанување со музејот“ во Музејот на современата уметност во Скопје. Активен учесник е и на семинари, тренинзи и работилници, од кој се издвојува „Creative Communication“ во Франција во 2019г.

Освен со сликарство и мултимедија,  работи и како дигитален уметник и графички дизајнер. До денес има илустрирано две странски книги за деца.

***А.В.:   Тенка е границата помеѓу присилната и доброволната проституција. Како Вие би ја дефинирале проституцијата, и што мислите, која е разликата помеѓу проституцијата и сексуалната експлоатација?***

***Х.М.:*** Проституцијата е една од најстарите професии што постои. Во матријархатот на тоа се гледало поинаку, тука жената е столбот, величана е, таа имала слобода да се гледа со кого сака. А институцијата брак и татко се комплетно измислени, тоа не се природни концепции, туку обични институции. Можеби и еден ден ќе исчезнат, зашто тие институции многу одамна и не постоеле. Илјадници години човештвото живеело без нив. Можеби ќе се изненадите дека зборот чичко е постар од зборот татко бидејќи на патријархатот му претходел матријархатот. Мајката била тука, ама таткото бил непознат бидејќи мајката можела слободно да се движи наоколу и да биде со различни мажи. Некој морал да биде татко, вистина, ама не постоело начин да се знае тоа со сигурност. Заради тоа сите мажи биле чичковци. Институцијата татко, а последователно и бракот, се појавува речиси во исто време со појавата на приватната сопственост и овие две се тесно поврзани. Таткото ја претставува приватната сопственост, бидејќи кога се појавила, секој сакал да поседува свое дете. “Јас нема да живеам вечно, ама еден дел од мене ќе го наследи мојот имот.” А за да бидат апсолутно сигурни дека детето е “само нивно”, започнала да преовладува идејата дека жената со која ќе се ожените мора да биде девица. А тука можете да ја увидите разликата – од мажите никогаш не се барало да бидат без сексуално искуство, напротив нив се им е дозволено! Па оттука и појавата на борделите, место за ментална и физичка филтрација за машката сексуална фрустрација! Идејата за приватна сопственост ја има создадено само доминацијата на мажот, институцијата татко, институцијата брак, семејство. А што се случувало тука со оние жени кои веќе биле трудни, а мажот ги оставил? Што се случува во економски неразвиена земја, каде на жената не и дозволено образование? Многупати најисплатлива опција на жената е да го продава сопственото тело, па затоа и упатувам на фактот дека е една од најстарите професии. Постоела во времето на сумерците, и ацтеките, старите Грци, дури во библиско време таквите жени-љубовници биле наречени конкубини! Во камената доба, овој термин не постоел воопшто! Жените биле шамански свештеници кои живееле во номадско општество и организирале сексуални ритуали каде сите учествувале! Сексот бил начин да го воведат светот во наоѓање на божественото! Ова било нивна работа. Со појавата на монотеистичката религија, еднаш и засекогаш ги осудиле проститутките на вечен пекол! Христијаните измислиле разноразни начини на нивно казнување – многу добро се знае прогонот на вештерките! Зборуваме за сериозна физичка тортура, постоеле направи кои им ги откорнувале градите, им го сечеле телото на пола, ги спалувале на клада, ги каменувале, а секако и сексуално злоставувале! А за да биде иронијата поголема, англискиот крал Хенри II пак добивал процент од заработките на проститутките во борделите, па така и се изградиле најубавите катедрали во Лондон! Зошто постои силувањето? Затоа што постои и машката доминација се разбира. И поради измислиците за поимот брак воопшто.

***А.В.:   Што подразбирате под терминот „ сексуален/на роб/инка“ (анг. sex slave), а што под сексуален работник? И дали имате сознанија, колкава е вклученоста на децата во ова?***

***Х.М.:*** Сексуална робинка може да биде и жената која ти е сосетка. Обично како што споменав погоре, бракот се поврзува со оваа појава. Многупати жените сопруги знаат да се најдат во оваа улога, дури и млади девојчиња кои се во присилен брак. Сега веќе сите добро знаеме за случаи на семејно насилство, а тука не спаѓа само удар со рака и со зборови, туку и принуден секс.

Сексуалните работници се луѓе кои доброволно, без ничиј притисок, ја избрале таа професија, и притоа се борат за своите права.

Децата исто така се честа жртва на психозите на мажите.

***А.В.:   Што мислите, дали ставот и постапките  на надлежните е еднаков за сите, без оглед дали се работи за сексуална или трудова експлоатација?***

***Х.М.:*** Се разбира дека не. Барем кај нас, нема ама баш никаков став од надлежните ниту за едните ниту за другите. Туку само дискриминација, замижување на случајот, игнорирање. Постои ли правда за жените во текстилната индустрија?

Сѐ додека не се воведат промени во образованието и не исчезне религијата, опресијата врз жените ќе продолжи да постои. Верувам, а и морам да верувам за доброто на човештвото, дека иднината ќе остане во рацете на жените.

***Христина Мазнеска / Hristina Mazneska***

*Not your toy, 2019*

*Sold, 2019*

дигитални илустрации / digital illustrations










# ТАМАРА АНТЕВСКА

## дипломиран сликар

Родена во Куманово, 1995 година.

Академските студии ги заокружува во класата на проф. м-р Жанета Вангели на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот Св. ,, Кирил и Методиј" , отсек сликарство со конзервација и реставрација, каде ќе дипломира во 2018г.

За време на студиите успеала да оствари повеќе соработки со етаблирани уметници и да учествува во повеќе значајни изложби, меѓу кои можат да се издвојат ,, 4 Катедри на Факултетот за ликовни уметности", галерија на ФЛУ, Скопје, ,, Четирите мајстори на модернизмот" , ,, Тема НЕ! ", во соработка со САЗ ,, Аксиос" – Скопје, ,, The Brightness in Us" (2018г.), ,, The Present"- Галерија МКЦ (2019г.), а учество зела и на бројни колонии во земјава.

Добитник е на повеќе награди и признанија.

***А.В.:*** ***Вашето дело, претставува еден сублимат, кој во шеснаесет поединечни форми третира и шеснаесет различни прашања кои ја разработуваат речиси секоја форма во која е присутна трговијата со луѓе, од трудовата експлоатација и присилната работа, преку трговијата со деца и малолетничката проституција, па сè до ткн.,, sex"- туризам, теми кои се навистина чувствителни и комплексни и бараат огромна посветеност при нивната обработка. Кажете ми, кој беше главниот предизвик додека го правевте истражувањето на темава и колку долго ја следите оваа проблематика, воопшто?***

***Т.А:*** Оваа проблематика ја следам подолг период и поради тоа што темата е доста комплексна, најголем предизвик ми беше да најдам начин како целото истражување д аго сублимирам во едно дело и притоа да пренесам јасна порака.

***А.В.:*** ***Трговијата со луѓе, денес дополнително е олеснета како резултат на напредокот на комуникациските технологии, но и отворањето на азиските пазари, падот на Советскиот Сојуз и распадот на поранешна Југославија, како фактори кои дополнително ќе придонесат за оваа глобализација. Моето прашање кон Вас е, што мислите, како и колкава улога играат земјите во развој и развиените земји во трговијата со луѓе? Како глобализацијата доведе до ширење на трговијата со луѓе?***

***Т.А.:*** Сметам дека глобализацијата во голема мера допринесува за ширење на трговијата со луѓе ,затоа што предизвикува економска нееднаквост, која е причината за миграција со цел потрага по работа. Со тоа доведува до зголемување на бројот на луѓе кои се подложни на експлоатација. Исто така глобализацијата допринесува за олеснет транспорт на жртвите на трговија со луѓе како и нивно принудно задржување надвор од државата од која доаѓаат. Како што напоменавте во прашањето развојот на комуникациските технологии значително го олеснува пристапот на предаторите до нивните жртви. Во некои случаи жртвите и никогаш не се сретнуваат со лицето кое ги експлоатира бидејќи сè се одвива преку интернет. Понекогаш ни самите жртви не се свесни дека се инволвирани во трговија со луѓе. Во сите случаи најголема улога има економскиот фактор кој е директен производ на глобализација и затоа сметам дека истата игра огромна улога во експанзијата на трговија со луѓе.

***А.В.:*** ***Согласно со ова, што мислите, кои се главните видови на трговија со луѓе кои во моментот се застапени во светот?***

***Т.А.:*** Мислам дека најзастапени форми на трговија со луѓе се трудовата и сексуалната експлоатација, но сепак тоа е само претпоставка бидејќи нема доволно информации и точни статистички податоци за оваа тематика.

***А.В.:*** ***Иако го третирате речиси секој аспект од оваа проблематика, сепак неоспорен е фактот дека во неколку наврати ја акцентирате трговијата со деца? Дали имате информации за проблемот со сексуалната експлоатација кај децата на локално и на глобално ниво и кои се земјите на потекло на овој вид на трговија?***

***Т.А.:*** Најмногу се фокусирав на истражување на темата трговија со деца бидејќи сметам дека тие се најранливата категорија. Трговијата со деца за жал е најраспространетаи е присутна во секакви форми, како трудова експлоатација, принуден брак помеѓу малолетници, сексуална експлоатација, принудно питачење, инволвирање на деца во трговија со дрога, нелегално посвојување како и принудно инволвирање на деца во вооружените сили, а сепак нема доволно информации и статистички податоци за секоја од овие категории поединечно. Недостатокот на информации се должи на фактот дека во одредени земји некои од овие форми на експлоатација се нормализирани и во одредени случаи се дел од традицијата на некои култури. Според статистиките се проценува дека на глобално ниво 1.2 милиони деца годишно стануваат жртви на трговија. Со оглед на тоа дека економскиот и културолошкиот фактор играат најголема улога во експанзијата на трговијата со деца, истата е најприсутна во помалку развиените земји.

***Тамара Антевска / Tamara Antevska***

*"Ruined" , 2019,*
100 x 123 cm, комбинирана техника на хартија

*"Ruined" , 2019,*
100 x 123 cm, mixed media on paper



# ЈАНА НИКОЛОВСКА

***дипломиран сликар***

Родена во Скопје, 1994 година.

Дипломира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, отсек сликарство, во класата на проф. м-р Жанета Вангели, во 2018г.

Учество земала на бројни групни изложби, во и надвор од земјата, меѓу кои се издвојуваат: Gallery MC -New York (2018г.), Тема:НЕ“, НУ Музеј на Македонија- Скопје (2018г.), ,, Art 52nd Street: 2018 International Young Artists Group Exhibition“ (2018г.), групна изложба,, Светлината во нас“ (2018г.), ,, The Present“- Галерија МКЦ (2019г.), а за време на своите студии, учество земала и на сите изложби во рамките на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Во своите дела користи различни техники и материјали, вклучувајќи готови предмети, сликарство, цртеж, текст, дигитални колажи и видео.

***А.В.: Преку Вашето дело, насловено како ,,Sex?“, третирате еден прилично чувствителен проблем, а тоа е сексуалната експлоатација. Како Вие би ја дефиниреле и дали ќе може да ми кажете нешто повеќе во врска со самото дело?***

***J. H.:*** Силување. Болка . Страв. Срам. Солзи.

Човечка трагедија. Човечка расипаност.

Прелажување, заробување, одземање на правото за слобода и уништување на благосостојбата на човекот. Тотално понижување, нанесување на страшни, неизлечливи трауми. Занемарување на емоциите на луѓето и користење на нивните тела како рудник за банкноти. Изживување, заборавање на сѐ што е човечно, морално и исправно. Претворање на луѓето во обични парчиња месо, задоволување на сексуалниот нагон, бркање на пари. Бездушност, извитопереност, монструозност.

Делото „Sex?" претставува инсталација која преку видливи материјали ја прикажува заробената душа на во овој случај жена, која е приморана да биде злоупотребувана. Замотана со ланец, замотана во тага, замотана во срам. Како во излог од продавница, таа е достапна за купување, сексуален однос кој секој пат два пати се плаќа, еднаш со пари, еднаш со парчиња од скршена, измачена душа.

***А.В.: Дали имате податоци колкав е приближниот број на лица кои стануваат жртви на сексуалната експлоатација во нашата земја, на годишно ниво?***

***J.Н.:*** Таа тема е многу сензитивна. Верувам дека голем број од жртвите никогаш не проговоруваат за трауматичните работи кои ги доживеале. Немам идеја колкава може да биде бројката на жртви.

***А.В.: Што мислите, кои се главните причини едно лице да прифати понуда и да стане потенцијална жртва на сексуалниот експлоататор?***

***J.Н.:*** Монструмите кои ги водат тие индустрии смислуваат секакви лаги и раскажуваат некои идилични сценарија на луѓето кои ги ловат. Тие им нудат подобри пари, подобра кариера подобро место за живеење, подобар живот и други мамци на кои се фаќаат луѓе кои не се задоволни од својата сегашност и се во потрага по некоја промена. Слепо верувајќи дека тргнале кон подобра иднина, жртвите се соочуваат со вистинската реалност, скриената темна страна позади сите тие лаги, станувајќи жртви на таа извитоперена индустрија.




***Јана Николовска / Jana Nikolovska***

*,, Sex?", 2019*

инсталација / installation / 57x57x200 см

Проектот насловен ,, Not your Toy“ е поттикнат од сочувањето со еден од најголемите парадокси на нашата цивилизација- трговијата со луѓето . Оваа благородна иницијатива на група уметници е со цел да артикулира актуелна проблематика од глобален карактер и исклучително значење за севкупната современа популација изложена на најпотресни рецидиви, кои доведуваат до несогледливи последици во сите сфери на опстојувањето и запазувањето на достоинството на човекот како единка. Навлезена во речиси сите сфери и во сите пори на општеството ширум светот станува се поприсутна преку најазнородни форми и механизми на експлоатација и манипулација со човековата личност, со човековиот интелект, со идентитетот на човекот, со човековата интима, со неговата психа, трудот, со човековото битие, човечкиот живот, човековото достоинство, со неговото семејство, опкружување, со неговото огниште. Севкупната деградација, девалвација и манипулација со човекот како единка, па и со цели групи, има длабоко перфидна заднина и цел за остварување на најразнородни придобивки поттикнати од најразнородни мотиви.

За надминување на оваа потресна епопеја или погром на нашето време со кој се соочуваме како современици, имаме морална обврска и одговорност за ангажман сите во сите сфери на општеството. Препознавајќи го суштественото во значењето на оваа сложена проблематика, групата уметници со своите дела преку најразнородни техники и тематски изрази нè соочува со дел од тој суров реалитет и укажува на нужноста од ургентноста од интердисциплинарен ангажман во сите сфери на нашето дејствување и постоење. Редефинирањето на свеста, на светогледот, на приоритетите во етиката се приоритети на секоја единка но нужно треба да се поттикнати од општеството, кое треба да ги посочува и валоризира суштествените вредности.

*Виолета Калиќ*
*дипл.историчар на уметноста*

**,, Not your toy“, групна изложба на тема трговија со луѓе**
Ј.У. Дом на култура ,, Кочо Рацин“- Скопје, Р. С. Македонија
17.12.2019- 17.01.2020

**Проектен координатор и автор на проектот:** Ангела Витановска
**Автори на текст:** Ангела Витановска и Виолета Калиќ
**Дизајн на каталог, корица и плакат:** Христина Мазнеска
**Фотографии:** Лични архиви на уметниците

Проектот е поддржан од Ј.У. Дом на култура ,, Кочо Рацин“- Скопје и Град Скопје

**Project coordinator and author of the project:** Angela Vitanovska
**Texts by:** Angela Vitanovska and Violeta Kalic
**Design of catalogue, cover and poster:** Hristina Mazneska
**Photos:** Personal archives of the artists

The project is supported by House of culture ,, Koco Racin“- Skopje and the City of Skopje

ЈУ ДОМ НА КУЛТУРА КОЧО РАЦИН - СКОПЈЕ • IP SHTËPIA E KULTURËS KOÇO RACIN - SHKUP

ГРАД СКОПЈЕ

Hristina Mazneska